# Желки до бесконечност

Џон Грин

Ако и ти сакаш книги...
**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**
*www.sakamknigi.mk*
**Толку многу книги, а толку малку време...**
Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

**Наслов на оригиналот**

Turtles all the way down
© John Green, 2017

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Сакам книги, 2018

**Издавач** Издавачка куќа Сакам Книги
**Преведувач** Ивана Спасев
**Лектор** Марија Иванова

**Главен уредник** Ивана Спасев
**Компјутерска обработка** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев

**Печатење** Графостил - Скопје, 2018
**Тираж** 1000 примероци

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без согласност од издавачот.*

# Желки до бесконечност

## Џон Грин

Ако и ти сакаш книги...

*За Хенри и Алиса.*

*Човек може да прави што сака,*
*но не може да бира што ќе сака.*

**Артур Шопенхауер**

# Еден

Во тоа време кога сфатив дека има шанси да сум фиктивен лик, ги поминував работните денови во државна институција во Индијанаполис, по име средно училиште Вајт Ривер, каде што морав да ручам во точно одредено време - помеѓу 12.37 и 13.14 часот - а тоа ми беше наложено од сили толку поголеми од мене што не можев дури ни да ги идентификувам. Ако тие сили ми дадеа друг период за ручање, или ако соучениците кои помогнаа во создавање на мојата судбина одбереа друга тема за муабет тој септемврски ден, ќе стигнев до друг крај - или барем до друга средина. Но почнував да учам дека животот е приказна што се раскажува за тебе, а не приказна што ти ја раскажуваш.

Се разбира дека ти се преправаш дека си авторот. Мораш. Си мислиш, *Сега одбирам да одам на ручек,* кога почнува монотониот свиреж во 12.37. Но вистината е дека ѕвончето одлучува. Си мислиш дека си сликарот, но ти всушност си платното.

Стотици гласови се надвикуваа во мензата, па разговорот беше само како еден звук, како она што се

слуша кога река тече преку камења. И додека седев под флуоресцентните сијалици кои агресивно истураа вештачка светлина, си размислував за тоа како сите ние верувавме дека сме херои на некоја лична епопеја кога ние впрочем бевме идентични организми кои ја колонизираа пространата просторија без прозорци што мирисаше на средства за чистење и свинска маст.

Јадев сендвич со путер од кикирики и мед и пиев *Доктор Пепер.* Да бидам искрена, целиот процес на џвакање растенија и животни и нивно пикање во мојот хранопровод ми е одвратен, па се обидував да не мислам на фактот дека јадам, што само по себе е една форма на размислување за истото.

На другата страна на масата спроти мене, Мајкл Тарнер чкрабаше нешто во еден тефтер. Нашата маса во мензата беше како една претстава што долго игра на Бродвеј: актерите се менуваа во текот на годините, но улогите никогаш не се менуваа. Мајкл беше Уметникот. Тој разговараше со Дејзи Рамирез, која ја играше улогата на моја Најдобра и Бестрашна другарка уште од основно. Но не можев да го следам нивниот разговор од вревата на другите.

Која беше мојата улога во оваа претстава? Јас бев споредниот лик. Другарката на Дејзи, ќерката на госпоѓа Холмс. Јас бев нечие нешто.

Почувствував дека стомакот почна да ми работи на сендвичот и покрај тоа што сите зборуваа, можев да го *чујам* како вари, како сите бактерии го џвакаат путерот од кикирики - студентите внатре во мене јадеа во мојата внатрешна менза. Ми се згрози.

„А бе ти не одеше во камп со него?“ ме праша Дејзи.

„Со кого?“

„Со Дејвис Пикет“, рече таа.

„Аха“, реков. „Зошто?“

„Не слушаш?“ праша Дејзи. *Ја слушам,* си помислив, *какафонијата на мојот дигестивен тракт.* Се





разбира дека одамна знаев дека сум домаќинка на огромна колекција паразитски организми, но не сакав да бидам потсетувана на тоа. Според бројот на клетки, луѓето се приближно 50% микроби, што значи дека околу една половина од клетките од кои сме составени воопшто не се наши. Во мојот конкретен биом има околу илјада пати повеќе микроби отколку што има луѓе на земјата и често имам чувство дека *чувствувам* како живеат и се размножуваат и умираат во мене. Ги избришав испотените дланки од фармерките и се обидов да си го контролирам дишењето. Признавам дека имам проблеми со анксиозноста, но би рекла дека не е нерационално да се секираш за фактот дека си една бактериска колонија затворена во кожа.

Мајкл рече, „Требало да го уапсат татко му за поткуп или нешто такво, но исчезнал ноќта пред рацијата. Нудат награда од сто илјади долари за оној што ќе помогне да го најдат“.

„А ти го знаеш син му“, рече Дејзи.

„Го *знаев* порано“, одговорив.

Ја гледав Дејзи како ја напаѓа правоаголната пица со грашок со виљушката. Упорно погледнуваше во мене, нејзините очи ококорени како да сакаше да каже, *Па?* Се гледаше дека сакаше да ја прашам нешто, ама не знаев што затоа што мојот стомак не сакаше да замолчи и тоа ме принудуваше да се секирам дека не дај Боже сум фатила некоја паразитска инфекција.

Делумно го слушав Мајкл како ѝ кажува на Дејзи за неговиот нов проект по ликовно, за кој користел Фотошоп за да ги спои лицата на сто души по име Мајкл и спојот на нивните лица ќе биде некој нов, сто и први Мајкл, а тоа беше интересна идеја и сакав да слушам, но мензата беше страшно гласна и не можев да престанам да се прашувам дали имаше некој проблем со микробната рамнотежа во мене.

Прекумерниот абдоминален шум е невообичаен, но не и невиден симптом на инфекција со бактеријата

Clostridium difficile, што може да биде фатална. Го извадив мобилниот и ги впишав клучните зборови „човечки микробиом“ за да го препрочитам објаснувањето на Википедија за трилионите микроорганизми кои се наоѓаа во мене во моментот. Кликнав на линкот за C. Diff, скролајќи до делот каде што пишуваше дека најголемиот дел од заразите со C. Diff се случуваат во болници. Продолжив да скролам надолу по листата со симптоми, што јас ги немав, освен прекумерни абдоминални звуци, иако од претходни пребарувања знаев дека една клиника во Кливленд пријавила случај за некоја личност што умрела од C. Diff откако се појавила во болницата само со абдоминална болка и температура. Се потсетив себе дека јас *немав* температура, а себе одговори: *Немаш температура УШТЕ.*

Во мензата, каде што сè уште се наоѓаше еден опаѓачки дел од мојата свест, Дејзи му кажуваше на Мајкл дека неговиот проект не би требало да биде за луѓе по име Мајкл, туку за затвореници кои подоцна биле ослободени. „А и полесно ќе ти биде“, рече таа, „затоа што од сите нив има фотографии од ист агол и тогаш нема да се работи само за имињата, туку за раса, класа и масовно затворање“, и Мајкл беше онаков, „Ти си генијалец, Дејзи“, и таа рече, „Звучиш изненадено“, а јас во меѓувреме си размислував за тоа дека ако половина од клетките во тебе не се твои, не се *ти*, дали тоа не ја оспорува целата замисла за *мене* како лична заменка, а да не правиме муабет ич за мене како автор на мојата судбина? И паднав прилично длабоко во таа рекурзивна црвојадина сè додека целосно не ме транспортираше далеку од средното училиште Вајт Ривер во некое забегано место што само вистински лудите луѓе добиваат шанса да го посетат. Уште од мала имам навика да го притискам десниот нокт од палецот во мекото мевце на средниот прст. Па досега веќе има формирано некоја чудна груба кожа на мојот отпечаток. По толку години од оваа чудна навика сега многу лесно можам да отворам пукнатина во кожата, па го покривам местото со фластер за да не дојде





до инфекција. Но понекогаш се плашам дека веќе има инфекција, па морам да го дренирам местото, а единствениот начин да го направам тоа е повторно да ја отворам раната и да ја истиснам крвта од внатре. Кога еднаш ќе почнам да размислувам за отворање на раната, буквално не можам да не го направам тоа. Се извинувам за двојната негација, но ова навистина е двојно негативна ситуација, проблем од кој единствено бегство е негирање на негацијата. И така, почнав да посакувам да го почувствувам вкопувањето на ноктот во кожата на мојот среден прст и знаев дека пружањето отпор е залудно, па под масата во мензата го извадив фластерот од прстот и почнав да притискам со ноктот во грубата кожа, не попуштајќи сè додека не почувствував како се отвори.

„Холмси“, рече Дејзи. Ја погледнав. „Го изедовме пола ручек, а ти уште не си ја спомнала мојата коса“. Ја протресе косата со прамените што беа толку црвени што удираа на розово.

Да бе. Ја имаше бојадисано косата. Испливав од длабочините и реков, „Храбра е“.

„Знам, нели? Вели, *Дами и господа и сите вие што не се идентификувате како дами и господа, Дејзи Рамирез нема да си ги прекрши ветувањата, но ќе ви го скрши срцето*“. Животното мото на Дејзи беше „Кршете срца, не ветувања“. Таа упорно се заканувашe дека ќе го истетовира тоа на глуждот кога ќе наполни осумнаесет години. Дејзи повторно се сврте кон Мајкл, па јас им се вратив на моите мисли. Кркорењето на мојот стомак беше уште позасилено сега. Се чувствував како да ќе повратам. За некој што толку активно ги мрази телесните течности, јас доста повраќам.

„Холмси? Добра си?“ праша Дејзи. Кимнав. Понекогаш се прашував зошто ме сакаше, или барем ме толерираше. Зошто кој било од нив ме толерираше. Дури и самата себеси си бев иритантна.

Почувствував дека ми излегуваше пот од челото, а кога еднаш ќе почнам да се потам, не можам да

престанам. Ќе се потам со часови и тоа не само на лицето и под пазувите. Ми се поти вратот, ми се потат градите. Ми се потат листовите. Можеби сепак имав температура.

Под масата, го пикнав стариот фластер во џеб и без да погледнам надолу извадив нов, го отворив и накратко ѕирнав само за да го ставам на прстот. За целото тоа време дишев преку нос, а издишував низ уста, како што ме советуваше доктор Карен Синг, со темпо „што би направило пламенот на свеќа да затрепери, но не и да се изгаси. Замисли си ја таа свеќа, Аза, како трепери од твојот здив, но уште гори. Секогаш гори“. Па пробав да го направам тоа, но мисловната спирала продолжи да се затега. Можев да ја чујам доктор Синг како ми вели дека не треба да го вадам телефонот, дека не смеам нонстоп да пребарувам за истите прашања на интернет, но сепак го извадив и го препрочитав текстот на Википедија за човечката микробиота.

Проблемот со спиралата е тоа што ако ја следиш навнатре, таа всушност никогаш не завршува. Само се стега, бесконечно се стеснува.

Ја затворив вакуум кесичката со последната четвртина од мојот сендвич, станав и ја фрлив во преполната корпа за отпадоци. Тогаш слушнав глас зад мене. „Колку треба да бидам загрижена што денес цел ден немаш кажано повеќе од два збора еден по друг?“

„Мисловна спирала“, одговорив со мрморење. Дејзи ме знаеше од шестгодишна возраст, доволно долго за да разбере.

„Претпоставував. Жал ми е, човек. Ајде да правиме нешто денес“.

Едно девојче, Моли, ни пријде, се насмевна и рече, „Ух, Дејзи, чисто информативно, твојата боја за коса со пена и темперна боја ти ја валка маицата“.





Дејзи погледна надолу во нејзините раменици и навистина, нејзината маица беше розова на некои места. Се сепна, а потоа го исправи грбот. „Да, сè тоа е дел од изгледот, Моли. Ваквите маици се голем хит во Париз моментално“. Ѝ го сврте грбот на Моли и рече, „Значи, ќе одиме кај тебе дома и ќе гледаме *Star Wars: Rebels*“. Дејзи многу сакаше *Star Wars*. И тоа не само филмовите, туку и книгите и анимираните филмови и детската емисија каде што сите се направени од лего коцки. Мислам, таа пишуваше фан-фикција за љубовниот живот на Чубака. „И ќе го подобриме твоето расположение за да можеш да кажеш барем три или дури и четири збора еден по друг; како ти звучи тоа?“

„Добро звучи“.

„И после може да ме однесеш на работа. Извини, ама ми треба превоз“.

„Добро“. Сакав да кажам нешто повеќе, но мислите упорно доаѓаа, непоканети и непосакувани. Да бев јас авторот, ќе престанев да размислувам за мојот микробиом. Ќе ѝ кажев на Дејзи колку многу ми се допадна нејзината идеја за проектот на Мајкл и ќе ѝ кажев дека го помнев Дејвис Пикет и дека се сеќавав дека тогаш имав единаесет години и дека постојано бев исполнета со некој неодреден страв. Ќе ѝ кажев дека се сеќавав дека еднаш во кампот лежев до Дејвис на самиот раб на едно пристаниште, нашите нозе обесени надолу, нашите грбови потпрени на едни груби трупци додека двајцата гледавме нагоре во летното небо без облаци. Ќе ѝ кажев дека јас и Дејвис никогаш не зборувавме многу, па дури не се ни гледавме, но не беше важно затоа што гледавме во истото небо заедно. А тоа можеби е дури и поинтимно од гледањето во очи. Секој може да те гледа тебе. Но реткост е да најдеш некој што го гледа истиот свет што го гледаш и ти.

# Два

Стравот во најголем дел излезе од мене преку потта, но додека одев од мензата кон училницата каде што имавме историја, не можев да не го извадам телефонот и да не ја прочитам уште еднаш хорор приказната за човечката микробиота на Википедија. Читав и одев кога ја слушнав мајка ми како вика по мене низ отворената врата на нејзината училница. Седеше зад нејзината метална катедра, наведната над една книга. Мајка ми беше професорка по математика, но читањето беше нејзина голема љубов.

„Не се дозволени телефони во ходникот, Аза!“ Го прибрав телефонот и влегов во нејзината училница. Остануваа уште четири минути од одморот, а тоа беше совршена должина за разговор со мајка ми. Погледна нагоре и веројатно виде нешто во моите очи. „Добра си?“

„Аха“, реков.

„Не си анксиозна?“ ме праша.

Доктор Синг еднаш ѝ рече на мајка ми да престане да ме прашува дали сум анксиозна, па таа веќе не го формулираше тоа како директно прашање.





„Добра сум“.

„Си ги пиеш лекарствата“, рече. Повторно, не директно прашање.

„Да“, реков, што, општо земено, беше вистина. Имав еден мал напад претходната година, па ми препишаа да пијам по едно мало округло бело апче секој ден. Јас пиев во просек по едно на три дена.

„Изгледаш...“ Знам дека сакаше да каже *испотено*.

„Кој одлучува кога ќе ѕвони? Мислам, за крај на час или одмор?“

„Знаеш што? Немам поим. Претпоставувам дека решава некој од одговорните“.

„Мислам, зошто одморите за ручек се по триесет и седум минути наместо по педесет? Или по дваесет и две? Или некоја друга бројка?“

„Твојот мозок е едно многу напнато место“, одговори мајка ми.

„Не, само чудно ми е како за ова решава некој што не го ни знам и јас морам да живеам по тие правила. Мислам, живеам по нечиј туѓ распоред. А не ја ни знам таа личност“.

„Да, па, во тој поглед и многу други, американските средни училишта ептен личат на затвори“.

Моите очи се ококорија. „Ох, човече, мамо, колку си во право. Детекторите за метал. Ѕидовите од цигла“.

„И едното и другото се преполни и недоволно финансирани“, рече мајка ми. „И ваму и таму има ѕвончиња што ѕвонат за да дадат до знаење дека е време да мрднеш“.

„А и ваму и таму немаш можност да бираш кога ќе ручаш“, реков. „А во затворите има корумпирани стражари алчни за моќ, исто како што има професори во училиштата“.

Ме прострела со поглед, но потоа почна да се смее. „Ќе одиш директно дома по часовите?“

„Аха, а после ќе ја носам Дејзи на работа“.

Мајка ми кимна. „Понекогаш ми недостига времето кога беше мало дете, но после ќе ми текне на *Чак И. Чиз*“.

„Таа само се обидува да заштеди пари за факултет“.

Мајка ми погледна надолу во својата книга. „Знаеш што, да живеевме во Европа, факултетите немаше да се толку скапи“. Се подготвив за вообичаениот реферат на мајка ми на тема факултетски трошоци. „Во Бразил има дури и бесплатни универзитети. Ма во најголем дел од Европа има. И во Кина. Ама овде сакаат да ти наплатат дваесет и пет илјади долари годишно за *државна* школарина. Јас дури пред неколку години завршив со отплаќање на моите кредити, а наскоро ќе треба да почнеме да подигаме нови за тебе“.

„Јас сум трета година. Имам многу време да добијам лотарија. А ако од тоа не излезе ништо, ќе плаќам за студирањето со продавање метамфетамин“.

Лесно се насмевна. Мајка ми навистина многу се грижеше за плаќањето на моите студии. „Сигурно си добро?“ праша.

Кимнав кога заѕвоне ѕвончето, испраќајќи ме на часот по историја.

Додека да стигнам до мојата кола по часовите, Дејзи веќе беше на совозачкото седиште. Ја имаше пресоблечено извалканата маица и сега носеше црвена поло маичка со логото на *Чак И. Чиз* и седеше со ранецот во скут пиејќи тетрапак млеко. Дејзи беше единствената личност на која ѝ верував за клуч од Херолд. Дури ни мајка ми немаше нејзин сопствен клуч од Херолд, но Дејзи имаше.

„Те молам не пиј непроѕирни течности во Херолд“, ѝ реков.

„Млекото е проѕирна течност“, рече таа.

„Лаги“, одговорив и пред да тргнеме, застанав со Херолд кај корпите за ѓубре и причекав Дејзи да го фрли млекото.





Можеби сте биле вљубени некогаш. Мислам на онаа вистинската љубов, онаа што баба ми ја опишуваше цитирајќи го првото послание на апостол Павле до Коринтјаните, дека љубовта е милостива и долготрпелива, дека љубовта не завидува, не се фали и не се вообразува, дека сѐ премолчува, во сѐ верува, на сѐ се надева, сѐ издржува. Јас не сакам многу да се расфрлам со зборот на Љ затоа што тоа е премногу добро и ретко чувство за да се обезвреднува со претерана употреба. Можеш да живееш добар живот и без да ја осознаеш вистинската љубов, од тој тип љубов на Коринтјаните. Но јас имав доволно среќа да најдам еден вид таква љубов со Херолд.

Тој беше 16 години стара Тојота Корола со боја што се нарекуваше Мистична Сива Мика и мотор што тропаше во стабилен ритам како чукањето на неговото беспрекорно метално срце. Херолд беше кола на татко ми - впрочем, тој го имаше крстено Херолд. Мајка ми никогаш не го продаде, па стоеше во гаражата осум години, до мојот шеснаесетти роденден.

За моторот на Херолд повторно да проработи по толку време стоење незапален, беа потребни сите мои 400$ што ги имав заштедено во текот на целиот мој живот - џепарлаци, невратени кусури од секогаш кога мајка ми ќе ме пратеше да купам нешто во продавница, од летната работа во Сабвеј, подароци за Божиќ од бабите и дедовците - па може да се каже дека Херолд беше кулминација на целото мое постоење, барем во финансиска смисла. И јас го сакав. Често го сонував. Тој имаше исклучително простран багажник, огромен бел волан направен по нарачка и крем кожа на задните седишта. Забрзуваше со нежност на некој што не знае да направи ништо набрзина, а неговите кочници свиреа како метална музика и го обожавав.

Меѓутоа, Херолд немаше опција за поврзување со *Bluetooth*, а ни ЦД плеер кога сме веќе кај тоа, што значи дека додека бев во друштво на Херолд, имав три

опции: 1) да се возам во тишина; 2) да слушам радио; или 3) да ја слушам страна Б од касетата на татко ми од одличниот албум на Миси Елиот „*Страшно заразно*", која веќе ја имав слушано стотици пати во животот затоа што касетата не се вадеше.

И на крајот, несовршениот аудио систем на Херолд се погоди да биде последната нота во мелодијата на случајности што ми го смени животот.

Јас и Дејзи ги вртевме станиците во потрага по песна од еден посебно брилијантен и недоволно ценет машки бенд кога случајно налетавме на една станица за вести.

„...фирмата Пикет Инженеринг од Индијанаполис, градежна фирма со повеќе од 10.000 вработени ширум светот, денес..." Тргнав да ја сменам станицата со раката, но Дејзи ми ја оттурна.

„За ова ви кажував!" рече таа кога вестите продолжија.

„...награда од 100.000 илјади долари за информацијата што ќе води до лоцирање на генералниот директор на компанијата Расел Пикет. Пикет, кој исчезна ноќта пред полициската рација на неговиот дом поврзана со истрагата за измама и поткуп, последен пат бил виден на неговиот крајречен имот на 8-ми септември. Секој што има информации во врска со него се моли да се јави во полициската станица во Индијанаполис".

„100.000 долари", рече Дејзи. „А *ти се знаеш со неговото дете*".

„Се *знаев*", реков. Две лета по ред, по петто и шесто одделение, јас и Дејвис заедно одевме во Кампот за тажни. Односно ние така го нарекувавме кампот Сперо, едно место во Браун Каунти за деца со починат/и родител/и.

Освен тоа што се дружевме во Кампот за тажни, јас и Дејвис понекогаш се гледавме и во текот на





школската година затоа што тој живееше малку подолу по реката од мене, но на спротивниот брег. Јас и мајка ми живеевме на страната што некогаш се поплавуваше. Неговото семејство живееше на страната со високи камени ѕидови што ја принудуваа водата да се слева во наш правец.

„Тој веројатно не се ни сеќава на мене".

„Сите се сеќаваат на тебе, Холмси", рече таа.

„Тоа не е..."

„Не ти давам комплимент. Не велам дека си добра или великодушна или многу љубезна или што и да е. Сакам само да кажам дека си впечатлива, па човек не може да те заборави лесно".

„Не сум го видела со години", реков. Но се разбира дека не се заборава така лесно кога одиш кај некого да си играте во палата каде што има терен за играње голф, базен со остров и пет тобогани. Дејвис беше најблиското нешто до славна личност што го имав сретнато во животот.

„100.000 долари", рече Дејзи повторно. Излеговме на автопатот И-465. „Јас поправам флипери за 8,4 долари на час, а има награда од сто илјадарки што чека на нас".

„Не би рекла дека *чека на нас*. Плус, морам да читам за ефектите од големите сипаници на домородните популации вечер, па навистина не можам да го решам Случајот со милијардерот во бегство". Ја намалив брзината на Херолд. Никогаш не го возев побрзо од дозволеното. Премногу го сакав.

„Значи, ти го знаеш подобро од мене, па ќе ги цитирам безобразните момчиња од најдобрата поп група на светот и ќе речам, 'Ти си таа'", што беше една ептен лигава песна што бев премногу стара да ја сакам, но сепак ја обожавав.

„Сакам да не се согласам со тебе, ама тоа е одлична песна".

„Ти. Си. Таа. ’Ти си таа што ја бирам. Таа што никогаш нема да ја изгубам. Ти си мојата вечност. Моите ѕвезди. Моето небо. Мојот воздух. Ти си таа‘“.

Се насмеавме, па ја сменив радио станицата и мислев дека ќе биде толку, но Дејзи тогаш почна да ми ја чита истата приказна од интернет на нејзиниот телефон. „’Расел Пикет, контроверзниот основач на Пикет Инженеринг, не бил дома кога полицијата од Индијанаполис се појавила со налог за претрес во петокот утрото и не се вратил дома оттогаш. Адвокатот на Пикет, Симон Морис, вели дека нема информации за локацијата на Пикет, а на прес-конференцијата денес, детективот Двајт Ален изјави дека не била забележана никаква активност на кредитните картички на Пикет, ниту неговите сметки во банка уште од вечерта пред рацијата‘. Бла, бла, бла... ’Ален исто така рече дека со исклучок на камерата на предната порта, немало други камери за надзор на имотот. Копија од полицискиот извештај тврди дека Пикет за последен пат бил виден во четвртокот вечерта од страна на неговите синови, Дејвис и Ноа‘, бла, бла, бла. ’Имотот се наоѓа на улица 38, многу тужби, ја поддржува зоолошката‘... бла, бла, бла... ’Јавете се во полиција ако знаете нешто‘, бла, бла, бла. Чекај малку, како тоа нема безбедносни камери? Каков е тој милијардер што нема безбедносни камери?“

„Милијардер што не сака да има докази за неговите нечисти работи“, реков јас. Додека возевме, упорно си ја вртев приказната во глава. Знаев дека нешто во неа не ми звучеше како што треба, но не можев да сфатам што сѐ додека одеднаш не ми се врати еден спомен од морничави зелени којоти со бели очи. „Чекај малку, имаше камера. Не камера за надзор, но Дејвис и брат му имаа поставено камера со сензори за движење покрај реката. Имаше опција за снимање во темно и фотографираше секогаш кога ќе помине нешто - елен или којот или што и да е“.





„Холмси“, рече таа. „Имаме трага“.

„А поради камерата на предната порта, тој сигурно не можел да излезе од таму со кола“, реков. „Па или се прекачувал преку неговиот сопствен ѕид или излегол низ шумата надолу покрај реката и заминал од таму, така?“

„Да...“

„Па можеби ја активирал таа камера. Мислам, добро, не можеме да бидеме сигурни; поминати се години и години од последниот пат кога јас бев таму - можеби не ни стои уште“.

„А можеби стои!“ рече Дејзи.

„Да. Можеби уште стои“.

„Сврти тука“, рече таа одеднаш и свртев. Знаев дека тоа не беше точниот излез од автопатот, но сепак свртев и дури и без да ми каже Дејзи, се вратив во лентата за враќање назад кон градот, кон мојата куќа. Кон куќата на Дејвис.

Дејзи го извади телефонот и го стави на уво. „Еј, Ерик. Дејзи е. Слушај, многу ми е жал, ама имам стомачен вирус. Може да е норовирус“.

„...“

„Да, нема гајле. Извини уште еднаш“. Таа спушти, го стави телефонот во чантата и рече, „Доволно е само да спомнеш нешто што е поврзано со дијареја и ти велат да останеш дома затоа што ги фаќа страв. Добро значи, ќе го направиме ова. Го имаш ли уште она кануто?“